Врз основа на член 22, став 1, точка 6 од Законот за локална самоуправа („Слoжбен весник на РМ“ бр,5/02 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/24), член 22а од Законот за спорт („Службен весник на РМ“ бр.29/02 и 66/04), како и член 71, став 1, точка 10 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар“ бр.03/02, 04/05, 07/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23), Градоначалникот на Општина Демир Хисар до Советот на Општина Демир Хисар доставува

# ИЗВЕШТАЈ

## За реализација на Програмата за активности на Општина Демир Хисар во областа на спорт и млади во 2025 година

Согласно Програмата за активности на Општина Демир Хисар во областа на спорт и млади во 2025 година (во понатамошниот текст-Програма), беа планирани да се постигнат следните цели:

- Создавање услови за реализирање на спортски-рекреативни активности на граѓаните, особено младите и здруженијата на граѓани,
- Афирмација на Општина Демир Хисар во која особено внимание се посветува на создавањето услови за правилно насочување на младите и организирање на нивните слободни активност.
- Учество на општината во организирањето и збогатувањето на спортски-рекреативниот живот во општината.

За таа намена со Програмата беа предвидени средства во висина од 300.000,00 денари. Со вториот ребаланс во 2025 година, овие средства се утврдени на износ од 400.000,00 денари. Активностите утврдени со Програмата беа предвидени да се финансираат со средства од Буџетот на Општина Демир Хисар за 2025 година.

Согласно со Програмата, финансиски беа поддржани проектни активности во вкупен износ од 329.306,00 денари.

Листата на исплати е составен дел на овој Извештај.

Бр. 08-250/1
02.03.2026 година
Демир Хисар

Општина Демир Хисар
Градоначалник
Никола Најдовски

| Р.БР | ПОДНОСИТЕЛ НА БАРАЊЕ | БАРАЊЕ | ОДОБРЕНО/ИЗНОС (денари) |
|---|---|---|---|
| 1 | Фудбалски клуб „ Демир Хисар“ Демир Хисар | Финансиска помош | 195.000,00 |
| 2 | Фудбалски клуб „ Демир Хисар“ Демир Хисар | Котизација (ОФС Битола) | 45.000,00 |
| 3 | Училишен спортски клуб „Железник спорт“ Демир Хисар | Организирање спортски натпревар | 10.000,00 |
| 4 | Мото клуб „Аровс“ | Набавка и печатење на маици за организирање на мото собир | 25.606,00 |
| 5 | Зимски турнир во мал фудбал | Рекламен материјал (банер церада) | 23.600,00 |
| 6 | Планионарско друштво „Бигла“ | Поддршка на програмски активности | 20.000,00 |
| 7 | Фудбалски клуб „ Демир Хисар“ Демир Хисар | За превоз | 10.100,00 |
| | | **ВКУПНО** | **329.306,00** |